***Поздравно обраќање на министерот за култура на Република Македонија,***
***г-дин Благој СТЕФАНОВСКИ***

Почитувани претставници на УНЕСКО – канцеларија во Венеција,
Почитувани претставници на УНИДРУА и ИНТЕРПОЛ,
Почитувани дами и господа,




Ми претставува особена чест и големо задоволство што денес, заедно со вас, можам да го означам почетокот на Регионалната средба “Превенција од нелегална трговија и други противправни дејствија со културни добра”.

Задоволството е дотолку поголемо заради фактот што заедно со нас се истакнати експерти од Италија, која е светски лидер во заштитата на културното наследство и која има огромно искуство, меѓу другото и во областа на превенцијата.

Република Македонија, како и земјите во неговото опкружување се дел од еден регион со респективна културна традиција. Како подрачје во кое се вкрстиле најразлични култури и во кое се наталожени повеќе цивилизациски слоеви, зачувани се безброј артефакти од непроценлива вредност.

За жал, како и се што е вредно, и овие артефакти се цел на незаконски дејствија, како што се недозволени ископувања, недозволена трговија и изнесување во странство.

Кога ваквите вредни експонати, по нелегални канали, ќе ја напуштат територијата на земјата во која се пронајдени, понатаму е исклучително тешко да се следи нивниот пат и да се обезбеди нивно враќање.

Токму затоа, превенцијата од ваквите незаконски дејствија претставува клучен фактор во намалувањето на ризикот од трајно губење на културното наследство.

За да може ваквата превенција успешно да се спроведе, неопходна е тесна соработка помеѓу сите субјекти што се вклучени во безбедносната заштита на културното наследство.

Посебните Управи и сектори во ресорните Министерства за култура и за внатрешни работи, јавните обвинителства и судовите, како и царинските служби мора да бидат во постојана координација.

Но, уште поважна е регионалната соработка и соработката со меѓународните институции за да можат да се преземат противдејства за намалување на загубите и штетните последици.

Регионалната средба која почнува денес, претставува исклучителна прилика за размена на драгоцени искуства помеѓу експертите од различни области што се директно поврзани со безбедносната заштита на културното наследство.

Во таа смисла, драго ми е што во Програмата на оваа средба се вклучени еминентни теориски излагања со кои се презентираат актуелните состојби и новите пристапи на планот на превенцијата од незаконски дејствија против културното наследство.

Со донесувањето на Националниот акционен план за превенција на криминалитетот против културното наследство, ќе се направи значаен чекор на полето на превенцијата и заштитата на културното наследство.

Дозволете ми, во оваа прилика, да ги повторам моите изрази на почит кон ваквите иницијативи и да Ви посакам плодна и успешна работа.

Ви благодарам.